Инспекторите за социјална заштита од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 242 од Законот за социјалната заштита (,,Службен весник на Република Македонија,, број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014 116/2014 и 180/2014), (во натамошниот текст: Законот), а за отстранување на недостатоците и неправилностите утврдени со Записникот број 16-58/2 од 24.01.2015 година за извршен редовен инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш, застапуван од директорот Виолета Темелкова донесоа

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се наредува на Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш (во натамошниот текст: Центарот), за отстранување на констатираните недостатоци и неправилности во примената на Законот за социјалната заштита (во натамошниот текст: Законот) Законот за семејството и подзаконските акти донесени врз негова основа, да ја преземе следната мерка во рок и од страна на одговорните лица:

1. Центарот да донесува решение за мирување на правото на сместување во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско, Струмица, за време на летниот распуст, односно кога престојуваат во своето семејство, согласно член 43, 122, 188 и 189 од Законот.

**Одговорни лица: Директорот и стручните работници**
**Рок: постојана задача**

2. Се задожува директорот на Центарот, веднаш по истекот на рокот за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено да ги извести инспекторите дали се извршени наредените инспекциски мерки определени за отстранување на констатираните неправилности во работата на Центарот, согласно член 30 од Законот за инспекциски надзор, (,,Службен весник на Република Македонија,, број 50/2010, 162/2010, 157/2011,147/2013 и 41/2014).

Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Инспекторите за социјална заштита од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика извршија редовен инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш на ден 20.01.2015 година, во поглед на спроведувањето и примената на Законот за социјалната заштита, (,,Службен весник на Република Македонија,, број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013,

38/2014, 44/2014 116/2014 и 180/2014) Законот за семејството ("Службен весник на Република Македонија", број 80/92, 09/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014 и 115/2014) подзаконските, поединечните и другите акти донесени врз нивна основа, во предметите за корисниците на право за сместување на деца во установа и установи за сместување на деца и младинци.

За извршениот инспекциски надзор и констатираната состојба, инспекторите составија записник број 16-58/2 од 24.01.2014 година.

Согласно член 242 од Законот се донесе решение како во диспозитивот.

Жалбата не го задржува извршувањето на решението согласно член 244 став 2 од Законот.

Решено во Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерство за труд и социјална политика на ден 24.01.2015 година под број 16-58/3

.

**Упатство за правно средство:** против ова решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на решението преку Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

**Инспектори за социјална заштита:**

1. Инспектор, Слободан Трајковски
2. Инспектор, Мијалче Стојанов